# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 8/2023 12.06.2023 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.26/2023 одржана на ден 08.06.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-606/3,
2. Одлука за набавка на основни средства- две патнички моторни возила за потребите на општина Пробиштип на одложено плаќање по пат на финансиски лизинг бр. 26-606/4,
3. Одлука за давање на согласност на Одлука на ЈКП Никола Карев Пробиштип за набавка на специјални машини за метење на јавни и сообраќајни површини бр. 26-606/5,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-606/8
12.06.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6,7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр.4/2005), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.06.2023 година, ја усвои следната:

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Се врши Изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2023 година, бр.26-1072/16 од 24.11.2022 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип„ бр.12/2022 ) во делот:

**Во точката 4 „Други видови на УПД„ подточката 4.7 „Изработка на УП за Комплекс „Јаловиште„ КО Пробиштип со П=41,3 Ха (со ревизија)„ се менува во насловот и ќе гласи : „Изработка на Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиптип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 , Општина Пробиштип„ а останатиот дел од точката останува со истата содржина.**

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2023 година влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина .

Број 26-606/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.06.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ((„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 08.06.2023 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### За набавка на основни средства – две патнички моторни возила за потребите на општина Пробиштип на одложено плаќање по пат на финансиски лизинг

Член 1

Соваа одлука се утврдува потребата од набавка на основни средства- две патнички моторни возила за потребите на Општина Пробиштип .

Член 2

Набавката на возилата ќе се изврши со средства од Буџетот на Општина Пробиштип на одложено плаќање од 3 (три) години по пат на финансиски лизинг .

Во Буџетот на Општината за наредните години да се предвидат средства во соодветната програма за исплата на ратите за финансискиот лизинг.

Член 3

Вкупната вредност за набавка на двете патничките моторни возила ќе биде во вредност најмногу до 2.400.000,00 денари.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на општина Пробиштип да спроведе постапка за набавка на возилата согласно Законот за јавни набавки.

Член 5

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-606/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.06.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 а во врска со точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.06.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлуката на ЈКП Никола Карев Пробиштип за набавка на специјални машини за метење на јавни и сообраќајни површини**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за набавка на специјални машини за метење на јавни и сообраќајни површини бр. 02-433/1 од 07.06.2023 година донесена од Управниот одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип

Член 2

Набавката на специјалните машини за метење на јавни и сообраќајни површини да се изврши согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-606/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.06.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---